РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK

Бр./Nr. 09-398/1 Скопје, Shkup, 03.09 2020 година/viti

ПРОГРАМА
за обуки на службени лица за посредување со информации од јавен карактер за 2020 година

1. ВОВЕД:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст – Агенцијата) е самостоен и независен државен орган, кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст ЗСПИЈК) ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019). Основната цел на нејзиното постоење е заштитата, унапредувањето и промовирањето на уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата, согласно член 30 став 1 алинеа 7 од ЗСПИЈК, како една од своите надлежности, презема и активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат.

Исполнувајќи ги своите законски должности Агенцијата, и во новонастанатите околности предизвикани од пандемијата на вирусот Ковид 19, ќе се прилагоди на истите и ќе продолжи со едукацијата на службените лица кај имателите на информации од јавен карактер на централно и на локално ниво, согласно утврдената динамика во оваа Програма. Имено, Агенцијата во прв план ќе го стави во фокус постапувањето по ЗСПИЈК донесен во мај 2019 година, а чија имплементација започна на почетокот на 2020 година. Од таа причина, со обуките ќе бидат опфатени службени лица за посредување со информации на имател на информации кои за прв пат се појавуваат на Листата на имател и службени лица кои се новоназначени во институциите на веќе постоечките имател на информации, како и службени лица кои, и покрај тоа што посетувале обуки, почувствувале потреба и пројавиле интерес повторно да присуствуваат на нови обуки, односно службени лица од институции за кои Агенцијата констатира дека не биле доволно успешни, или тешко се справувале во постапувањето по барања за пристап до информации од јавен карактер.

Според зацртаната динамика, до крајот на декември 2020 година, на вкупно 12 обуки ќе бидат поканети 96 службени лица.

Агенцијата ќе спроведе и 8 (осум) on-line обуки на кои, преку zoom-платформата ќе бидат поканети 140 службени лица од сите погоренаведени категории, кои ќе пројават интерес за ваков вид на обуки.

Доколку околностите го дозволат тоа, Агенцијата ќе одржи и информативни и едукативни работни состаноци и со одговорни лица кај одредени таргет групи на иматели на информации, а во зависност од расположливите финансиски можности, во план е и едукација на барателите на информации преку обуки и делење на пишан материјал (флаери, брошури, прирачници), како и преку подготовка на соодветен видео материјал.

2. НАСЛОВ:

Со оглед на избраните, односно заинтересираните таргет групи кои би учествувале на обуки кои ќе бидат реализирани во просториите на Агенцијата (во мали групи од 5-6 слушатели), како и на онлајн сесии кои ќе опфаќаат поголеми групи слушатели на централно и локално ниво, Агенцијата планира работилниците да бидат спроведувани под заеднички генерален наслов : ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, СОГЛАСНО ЗСПИЈК ОД 2019 ГОДИНА.

3. ГЛАВНА ЦЕЛ:

Да се оспособат службените и одговорни лица на имателите на информации на централно и на локално ниво, како правилно и навремено да одговараат по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно ЗСПИЈК2019.

4. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

4а) Донесување управни акти засновани врз закон;
4б) Проактивно објавување на информациите од јавен карактер.
4в) Запознавање со тимот, целите и функциите на Агенцијата, за меѓусебната соработка да се одвива ефективно;
4г) Изработување и постапување по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер преку искуствени вежби;
4д) Симулација на спроведување тест на штетност, како дел од процесот на постапување по барање за слободен пристап до информации;
4ѓ) Запознавање и учење на процедурите за постапување по жалби, согласно ЗСПИЈК2019;
4е) Дискусија и презентација на практични примери (предмети) од искуството на вработените во Агенцијата.

5. ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

Агенцијата смета дека, земајќи ги предвид околностите предизвикани од пандемијата на вирусот Ковид 19, најповолен период за реализирање на планираните обуки е истите да бидат започнати во втората половина на септември и да бидат завршени до крајот на првата половина од декември 2020 година.

6. ЛОКАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

Планираните обуки ќе бидат реализирани во просториите на Агенцијата. Агенцијата поседува сала погодна за спроведување на обука за 15 учесници (поради новонастанатата ситуација со ковид19, според процедурите за безбедност, максималниот број се ограничува на 5 до 6 учесници). Од истата сала би се спроведувале и планираните онлајн обуки.

7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ:

Агенцијата смета дека оптимално време за успешно спроведување на овој начин конципираните обуки е 3 (три) часа (со вклучени паузи).

8. СОДРЖИНА/АГЕНДА:

8а) Запознавање со учесниците, програмата и целите на обуката – 20 мин.;
8б) Очекувања од учесниците – 10 мин.;
8в) Постапување по барање – 35 мин.;
8г) Пауза – 15 мин.;
8д) Вежба за постапувањето по барање – 20 мин.;
8ѓ) Симулација за донесување решенија за позитивен одговор, за одбивање на пристапот, отфрлање на барање, спроведување тест на штетност и др. – 40 мин.;
8е) Пауза – 15 мин;
8ж) Прашања и одговори – 20 мин.;
8з) Оценка на обуката – 5 мин.

9. РЕЗУЛТАТИ ОД ОБУКАТА:

По завршувањето на обуката учесниците ќе бидат способни :

9а) Ефективно да комуницираат со тимот на Агенцијата според целите на институцијата;
9б) Да прифатат, разберат и постапат според барање за пристап до информација од јавен карактер од барателите;
9в) Да спроведуваат тест на штетност при одбивање на барање;
9г) Да знаат кога, каде и во кој формат да поднесуваат годишни извештаи.

10. МЕТОДИ ЗА РАБОТА:

10а) Power point презентација;
10б) Работа во групи.
10в) Учење на далечина со користење на ИКТ алатки;
10г) Дискусија во големи и мали групи,
10д) Искуствено учење

11.КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

11а) Хамер;

11б) Табла со Flip chart хартија;
11в) фломастери или маркери;
11г) LCD проектор;
11д) ZOOM платформа;
11 ѓ) MIRO апликација;
11е) Евалуационен лист или листи за оценка на обука на Гугл Формс.

Директор
Пламенка Бојчева

Подготвил: Цветан Станоески